UDC: 91(075.8)(049.3)
DOI: 10.37658/GR255899m

ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА
ОЛГИЦА ДИМИТРОВСКА (2024): ОСНОВИ НА ГЕОГРАФИЈАТА

На задоволство на географската и на поширокатa читателска публика неодамна во издание на издавачката куќа Тримакс од Скопје, излезе од печат универзитетскиот учебник Основи на географијата од авторот проф. д-р Олгица Димитровска.

Трудот е резултат на повеќегодишни истражувања, сублимирање на материјали и изведување на настава по предметот Основи на географијата на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Имајќи ја предвид наставната програма по овој предмет, во овој универзитетски учебник акцентот е ставен на објаснување на основните и релевантните теоретски и методолошки поставки и развојот на географијата како наука, почнувајќи од првите географски сознанија во праисторијата, преку нејзиното научно втемелување, па сè до денес.

Материјалот содржински е изложен во осум поглавја каде на крајот од секое поглавје е приложена и користената и консултираната литература. Дополнително на крајот презентирана е Библиографијата како и Анекси со Хронологија на настани и Индекс на поими. Содржините се презентирани на 368 страници (B5 формат) заедно со 79 слики и карти испечатени во боја.

Првото поглавје ги опишува општите карактеристики на географијата како наука, каде што е опфатено и дефинирањето на поимот, предметот, целите и задачите на географијата. Презентирана е и поврзаноста на географијата со другите науки како и значењето на географијата во современото општество.

Во второто поглавје опишан е развојот на географските сознанија во праисторијата преку што е објаснета и појавата и потеклото на човекот и првите почетоци на географските претстави.

Третото поглавје опфаќа сеопфатен преглед на географските знаења и откритија од Стариот век. Во него се прикажани детално и живописно најголемите цивилизации, истакнувајќи го нивниот значаен придонес кон развојот на географијата и проширувањето на географскиот хоризонт.

Содржината е збогатена со картографски прикази кои го илустрираат развојот и распространувањето на секоја цивилизација во овој период.

Четвртото поглавје ги обработува географските знаења и откритија од Средниот век, прикажувајќи ги најзначајните достигнувања од овој период. Детално се опишани истражувањата на Норманите, Арапските знаења и откритија, патувањата и истражувањата на верските мисионери и трговци како и патувањата покрај бреговите на Африка во Атланскиот Океан. Деталниот опис на нивните откритија го носат читателот на патувањето низ времето на нивните истражувања. Ова поглавје е дополнето со сликовити описи, нудејќи живописен увид во нивните патувања и придонеси кон развојот на географијата.



Слика 1. Насловна страна од универзитетскиот учебник

Петтото поглавје е посветено на епохата на големите географски откритија со кои започнал златниот период во развојот на географијата. Од многубројните истражувачи од овој период посебно се истакнуваат Кристифор Колумбо, Америго Веспучи, Васко де Гама и Фернандо Магелан. Во ова

поглавје извонредно е прикажано откривањето на Новиот Свет, пронаоѓањето на морскиот пат до Индија, првото патување околу Светот, кои претставуваат кулминација на оваа значајна ера во историјата на географијата. На крајот од поглавјето е даден детален преглед за развојот на географијата во овој период.

Во шестото и седмото поглавје обработени се големите географски знаења, откритија и истражувања во XVIII, односно, XIX и XX век. Во шестото поглавја опишани се големите прекуморски експедиции и продлабочувањето на географските знаења. Седмото поглавје ги обработува географските истражувања на внатрешните делови на континентите а опфатени се и поларните истражувања.

Осмото поглавје е посветено на развојот на модерната географија. Ова поглавје нуди детален опис на создавањето на првите национални и меѓународни географски организации, теориско – филозофските правци во развојот на географијата и главните географски школи. Понатаму е обработен методолошкиот систем на географијата и поделбата на општа и регионална географија. Детално се опишани структурата и развојот на физичката географија, општествената географија, граничните научни дисциплини на географијата, географските методи и техники како и регионалната географија. На крајот е даден темелен осврт на развојот на географијата и географската мисла во Република Северна Македонија.

Дополнително, материјалот е збогатен со хронологија на настани каде на читателот му се нуди брз преглед на поважните датуми и настани кои придонеле за развојот на географската наука. На крајот е даден и индекс на поими.

Универзитетскиот учебник првенствено е наменета за студентите по географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Меѓутоа, благодарение на опфатениот материјал, може да ја користат и наставниците по географија кои работат во училиштата, географите кои се занимаваат со научни истражувања, како и за сите љубители на географијата со желба да ги продлабочат своите географски знаења.

Подготвил: асс.м-р Емилија Манеска.